СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци

# П Р О Г Р А М И

## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВА, ВТОРА И ТРЕТА ГОДИНА ОД СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“ КАВАДАРЦИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Кавадарци, 2025 година

# Содржина

Вовед ........................................................................................................ стр.3

1. Програма за изведување на стручно – истражувачка екскурзија со учениците од I (прва) година ........................................................................................ стр.4

2. Програма за изведување на стручно – истражувачка екскурзија со учениците од II (втора) година ........................................................................................ стр.7

3. Програма за изведување на завршна екскурзија за учениците од III (трета) година ........................................................................................стр.10

## ВОВЕД

Согласно Годишната програма за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за учебната 2025/2026 година, како и Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (број 13-10833/1 од 04.08.2025 година), од страна на стручниот Тим за изготвување на програми за екскурзии, донесена е Програма за изведување на училишни екскурзии за учебната 2025/2026 година.

Во Програмата за училишните екскурзии опфатени се следните податоци:

1. Видот на училишната екскурзија,
2. Воспитно-образовните цели,
3. Задачите,
4. Содржините и активностите,
5. Раководителот на екскурзијата, наставниците и учениците,
6. Времетраењето,
7. Локациите за посета и разгледување,
8. Релациите,
9. Техничката организација и
10. Начинот на финансирањето.

За подготовките од стручно-педагошки, техничко-организационен и безбедносен карактер и за изведувањето на училишните екскурзии се грижи стручниот Тим формиран со Одлука од Училишен одбор.

Согласно Правилникот за реализација на училишните екскурзии, за секоја Програма што ја изработува Тимот, мислење дава Советот на родители на училиштето, со исклучок на екскурзиите што се поврзани со теми и содржини од наставните програми кои се задолжителни и опфаќаат посета на театарска претстава, посета на опера и балет, како и посети на музеи во Република Северна Македонија.

Мислењето на Советот на родители за предложената Програма за училишни екскурзии се доставува до училиштето најдоцна во рок од пет дена од денот на нејзиното доставување од страна на тимот.

Врз основа на мислењето, училишниот одбор ја одобрува Програмата за училишни екскурзии најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на мислењето од Советот на родители.

За учениците кои не учествуваат или не одат на екскурзија, согласно Правилникот училиштето организира редовна настава.

Тимот изготвува Кодекс на однесување и облекување на учениците за време на училишните екскурзии. Врз основа на Кодексот на однесување и облекување, ученикот и неговиот родител/старател потпишуваат Изјава дека при изведувањето на екскурзијата ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Завршните екскурзии се организираат и се изведуваат во Република Северна Македонија или во други држави.

Раководителот на паралелката врши подготовка на учениците за завршната екскурзија. Завршната екскурзија трае најмногу шест дена, со најмалку три ноќевања. Во цената на екскурзијата се вклучени трошоци за пат, храна и сместување, трошоци за посети на музеи и други знаменитости. Во цената е вклучено и основно патничко и здравствено осигурување без франшиза.

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВА ГОДИНА

**1. Воспитно-образовни цели** на училишната екскурзија:

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, стручно-истражувачките екскурзии се реализираат за учениците од сите години на средно образование. Тие се поврзани со секторот, проектните активности и содржините програмирани од училиштето, односно опфаќаат активности за постигнување на интегрирани цели од повеќе наставни предмети што се од интерес на секторот, проектните активности или содржините програмирани од училиштето и се реализираат најмногу два пати во текот на една наставна година.

Стручно истражувачката екскурзија има за цел совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина и индустриските капацитети. Како специфична организациска форма во многу нешта е незаменлива во поглед на остварувањето на одредени цели и задачи на училиштето.

Формираните претстави и поими во текот на учењето се највпечатливи преку директен контакт со предметите и појавите т.е кога предметите и појавите се набљудуваат и проучуваат во нивните вообичаени природни услови, односно кога на ученикот му се демонстрираат во нивната природна димензија.

**Основни воспитно-образовни цели се:**

- стекнување на нови знаења и продлабочување на веќе постоечките по одделни наставни предмети (историски вредности, проширување на знаењата за природните убавини на нашата земја);
- збогатување на личните искуства на учени
ците;
- развивање на различни интереси на учениците, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;
- подобрување на социјалната интеракција меѓу учениците и наставниците;
- интензивирање на комуникацијата и дружењето меѓу соучениците;

**2. Задачите** на училишната екскурзија се остваруваат преку:

- Запознавање со теми и градење еколошки навики;
- градење на чувство на толеранција и соживот;

- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување, поддршка, солидарност и интеракцијата меѓу учениците;
- формирање демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства.

**3. Содржини и активности:** Учениците ќе ги посетат манастирот Јован Бигорски, Вевчански извори, Струга, градот Охрид, стариот град, античкиот театар, Плаошник и Самоиловата тврдина, заливот на коските, Св.Наум;
Македонија земја со богата историја. Македонија земја со неброени споменици на религијата. Наша најубава земја која ја откриваме преку книгите во училиште, но и преку овие екскурзии учениците ќе имаат можност да ги прошират знаењата и почувствуваат нејзината убавина. Во оваа дводневна екскурзија би сакале да ја посетиме Западна Македонија и да престојуваме една ноќ во Охрид.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Горан Пановски
Одговорни наставници: Класни раководители на I година
Учесници во екскурзијата: Учениците од I (прва) година и класните раководители
Број на ученици: околу 120 ученици, односно 80 %

**5. Времетраење на екскурзијата:**

3 дена
Време на изведување на екскурзијата: Мај 2026 година

**6. Правци на патување:** Кавадарци - Струга - Охрид – Кавадарци

**7. Локации за посета:**
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:
1 ден
- поаѓање од Кавадарци
- посета на манастирот Ј. Бигорски
- посета на Вевчанските извори
- посета на Струга

2 ден
- посета на Плаошник, Самоиловата тврдина, Музеј куќата на Робевци
- разгледување на градот и ноќевање во Охрид

3 ден
- поаѓање од Охрид
- посета на Музејот на коските, посета на црквата „Св.Наум”
- пристигнување во Кавадарци

При посетата на овие локалитети, учениците со предавања од страна на стручни лица и наставниците ќе се запознаат со природните, историски, географски и културни одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатсва на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот сиситем на живеење.

**Напомена:** Бидејќи се работи за подолга релација во зависност од динамиката на патувањето, агендата може да претрпи мали измени.

**8. Техничка организација:** Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, училишната комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, ќе ги преземе сите потребни постапки за реализација на истата. (Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.)

**9. Начин на финансирање:** Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците во целост.

**Класни раководители на Прва година:**

I-1 клас Блашко Клинчаров

I-2 клас Александра Петреска

I-3 клас Соња Попова

I-4 клас Драган Вељковиќ

I-5 клас Кочо Кочов

I-6 клас Горан Пановски

I-7 клас Татјана Ралевска

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРА ГОДИНА

**1. Воспитно-образовни цели** на ученичката екскурзија:

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, стручно-истражувачките екскурзии се реализираат за учениците од сите години на средно образование. Тие се поврзани со секторот, проектните активности и содржините програмирани од училиштето, односно опфаќаат активности за постигнување на интегрирани цели од повеќе наставни предмети што се од интерес на секторот, проектните активности или содржините програмирани од училиштето и се реализираат најмногу два пати во текот на една наставна година.

Стручно истражувачката екскурзија има за цел совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина и индустриските капацитети. Како специфична организациска форма во многу нешта е незаменлива во поглед на остварувањето на одредени цели и задачи на училиштето.

Формираните претстави и поими во текот на учењето се највпечатливи преку директен контакт со предметите и појавите т.е кога предметите и појавите се набљудуваат и проучуваат во нивните вообичаени природни услови, односно кога на ученикот му се демонстрираат во нивната природна димензија.

**Основни воспитно-образовни цели се:**

- стекнување на нови знаења и продлабочување на веќе постоечките по одделни наставни предмети (историски вредности, проширување на знаењата за природните убавини на нашата земја);
- збогатување на личните искуства на учениците;
- развивање на различни интереси на учениците, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;
- подобрување на социјалната интеракција меѓу учениците и наставниците;
- интензивирање на комуникацијата и дружењето меѓу соучениците.

**2. Задачите** на ученичката екскурзија се остваруваат преку:

- Запознавање со теми и градење еколошки навики;
- градење на чувство на толеранција и соживот;

- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување, поддршка, солидарност и интеракцијата меѓу учениците;
- формирање демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства.

**3. Содржини и активности:** Учениците ќе ги посетат изворот на реката Вардар, Вруток, Струга-спомен куќата на браќата Миладиновци, Природно научниот музеј, градот Охрид, стариот град, античкиот театар, Плаошник и Самоиловата тврдина, Заливот на коските.

Македонија земја со богата историја. Македонија земја со неброени споменици на религијата. Наша најубава земја која ја откриваме преку книгите во училиште, но и преку овие екскурзии учениците ќе имаат можност да ги прошират знаењата и почувствуваат нејзината убавина. Во оваа тродневна екскурзија би сакале да ја посетиме Западна Македонија и да престојуваме една ноќ во Охрид.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Гордана Еленова
Одговорни наставници: Класни раководители на II година
Учесници во екскурзијата: II (втора) година и класните раководители
Број на ученици: околу 120 ученици, односно 80 %

**5. Времетраење на екскурзијата:**

3 дена (два работни дена и еден неработен ден)
Време на изведување на екскурзијата: Мај 2026 година

**6. Правци на патување:** Кавадарци – Скопје - Струга - Охрид – Кавадарци

**7. Локации за посета:**
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:
1 ден
- поаѓање од Кавадарци
- посета на изворот на реката Вардар-Вруток
- посета на Струга-куќата на Миладиновци, Природно научниот музеј
- сместување и ноќевање во Охрид

2 ден
- посета на црквата света Софија, куќата на Григор Прличев - македонскиот втор Хомер, црквата св.Јован Канео, Плаошник, Самоиловата тврдина
- разгледување на градот и ноќевање во Охрид

3 ден

- посета на Заливот на коските
- слободна прошетка низ градот
- поаѓање од Охрид
- пристигнување во Кавадарци.

При посетата на овие локалитети, учениците со предавања од страна на стручни лица и наставниците ќе се запознаат со природните, историски, географски и културни одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатства на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот сиситем на живеење.

**Напомена:** Бидејќи се работи за подолга релација во зависност од динамиката на патувањето, агендата може да претрпи мали измени.

**8. Техничка организација:** Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, училишната комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. (Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.)

**9. Начин на финансирање:** Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците во целост.

**Класни раководители на Втора година:**

II-1 клас Елизабета Бошкова

II-2 клас Валентина Димитрова

II-3 клас Ленча Анѓушева-Чаушева

II-4 клас Гордана Еленова

II-5 клас Богде Коцева

II-6 клас Лоска Давчева

II-7 клас Блаже Велков

**П Р О Г Р А М А ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА НАМЕНЕТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТА ГОДИНА**

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026 година, за учениците од III година, предвидена е повеќедневна екскурзија со општ воспитно-образовен карактер која треба да ги задоволи следниве

**ЦЕЛИ**:

Училишната екскурзија наменета за учениците има за цел проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и поширокота заедница и добивање сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето. Како специфична организациска форма во многу нешта е незаменлива во поглед на остварувањето на одредени цели и задачи на училиштето.

Формираните претстави и поими во текот на учењето се највпечатливи преку директен контакт со предметите и појавите т.е. кога предметите и појавите се набљудуваат и проучуваат во нивните вообичаени природни услови, односно кога на ученикот му се демонстрираат во нивната природна димензија.

**ЗАДАЧИ**:

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни земји;
- рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Учесници на екскурзијата**:
Ученици од III година од СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци
Број на ученици: околу 120 ученици, односно 80 %

**Раководител на екскурзијата:** Даница Пецова

**Организатори на екскурзијата**: Класни раководители од III година

**Време на изведување на екскурзијата**: Мај 2026 година

**Времетраење на екскурзијата**: 6 (шест) дена, со 4 (четири) ноќевања

**Правци на патување**: Кавадарци – Венеција – Верона – Рим – Ватикан – Фиренца – Пиза – Монте Катини – Постојна – Кавадарци

**Локации за посета**:

**Венеција:** Плоштадот и црквата Св. Марко, Мостот на воздишки, Дуждевата палата, многубројните канали, мостот Риалто.

**Верона:** Арената, куќата и гробот на Јулија, споменикот на Данте Алигиери, црквата Марија Антика, плоштадот Бра, Ербе и Дел Сињори.

**Рим:** Шпански скали, Колосеумот, Фонтана ди Треви, црквата Св.Јован Латерански, плоштадот Пополо, Навона и плоштадот на цвеќето, Пантеон, статуата на

римската волчица, устата на вистината, театарот Марчело, циркусот Максимус, пешачката зона Виа дел Корзо.

**Ватикан:** Разгледување на плоштадот пред Црквата Св. Петар и Св. Павле

**Фиренца:** Галерија Уфици, Палата Медичи, мостот Векио, Катедралата со крстилницата, палата Пити.

**Пиза**: Кривата кула

**Постојна**: Постојнска Јама (системот од пештери)

**Предлог агенда за изведување на екскурзијата:**

- Поаѓање од Кавадарци
- Патување преку Србија, Хрватска, Словенија
- Посета и разглед на Венеција
- Ноќевање во Лидо Ди Јесоло
- Посета и разглед на Верона
- Посета и разглед на Фиренца
- Посета и разглед на Рим и Ватикан
- 2 ноќевања во Рим
- Посета на Пиза
- Ноќевање во Монте Катини
- Посета и разглед на Постојна
- Поаѓање и пристигнување во Кавадарци.

Со посетата на **Венеција** учениците ќе стекнат визуелни искуства за културно-историските знаменитости во готски стил, за градбите од времето на хуманизмот и ренесансата, како и за периодот на барокот.

Венеција е град во Северна Италија познат по туризмот и индустријата и е главен град на регионот Венето, градот се протега преку 117 мали острови во мочурливата Венецијанска лагуна, долж Јадранското Море.

Зградите на Венеција се изработени на тесно поставени дрвени столбови, кои биле увезени од внатрешноста на земјата, (под вода, во отсуство на кислород, дрвата не се распаѓаат. Се скаменуваат како резултат на постојаниот проток на богата минерална вода околу и низ неа, така што станува камена структура). Столбовите навлегуваат во помек слој од песок и кал, додека да стигнат до многу поцврстиот слој на збиена глина. Поголемиот дел од дрвото за столбовите било сечено во западниот дел на Словенија, во два региона во Хрватска, Лика и  Горски Котар и јужно од Црна Гора. Повеќето од овие столбови се недопрени по векови поминати под вода. Темелите се ставени на овие столбови и зградите од тули или од камен се наоѓаат над овие потпори. Зградите често се под закана од плима која доаѓа од Јадранското Море помеѓу есен и рана пролет.

Венеција е позната по својата работа со декорирано стакло, познато како Венецијанско стакло. Тоа е светски прочуено поради тоа што е шарено и вешто направено. Венеција е една од најважните туристички дестинации во светот, поради тоа што градот е еден од најголемите и најубавите градови на уметноста во светот.

**Верона** е вториот град по големина после Венеција. Верона светски е позната како место каде што се одвива Шекспировата драма „Ромео и Јулија“.

Римската арена во Верона од I (првиот) век е една од најголемите и најдобро сочуваните. Можела да прими 22000 гледачи, а и денеска се користи за разни приредби. Во Верона, покрај останатото, секоја есен се одржува и најголемиот светски Саем на каменот.

Верона е град со голема историја. Во градот се сочувани неколку антички градби (арени, градски капии). Иако античка Верона немала исклучително значење

меѓу староримските градови, во Верона останале многу солидно сочувани градби, арени и неколку градски капии.

**Фиренца** е главен град на регионот Тоскана и покраината Фиренца. Заради културното и уметничкото значење често пати се нарекува и „Италијанска Атина“.

Фиренца е позната по својата историја како центар на европската трговија и економија и еден од најбогатите градови на денешницата. Фиренца е на границата меѓу влажната суптропска и медитеранската клима. Опкружена со ридови во долината на реката, Фиренца може да биде топла и влажна од јуни до август.

Фиренца е позната како „лулка на ренесансата” (la culla del Rinascimento) за нејзините споменици, цркви и згради. Најпознатата градба во Фиренца е катедралата на градот, Санта Марија дел Фјоре, позната како Дуомо. Во 1982 година, историскиот центар на Фиренца (италијански: centro storico di Firenze) беше прогласен за светско културно богатство од страна на УНЕСКО. Во срцето на градот, во Piazza della Signoria, се наоѓа фонтаната Нептун на Бартоломео Аманати (1563-1565 година), која е ремек дело, мермерна скулптура чиј римски аквадукт сѐ уште функционира.

Еден од мостовите што посебно се издвојува е Понте Векио (Стариот мост), чија највпечатлива карактеристика е мноштвото продавници кои се изградени врз неговите рабови, држејќи се на потпорници.

Фиренца содржи бројни музеи и уметнички галерии каде што се чуваат некои од најважните дела во светот на уметноста.

Се верува дека Фиренца ја има најголемата концентрација на уметноста во светот. Како резултат на тоа,културниот туризам е значително јак,со светски познатите музеи, како што е Уфизи кои продаваат по 1,6 милиони влезници годишно

**Рим** се смета за еден од најубавите антички градови во светот. Содржи огромни количини од бесценети уметнички дела, палати, музеи, паркови, цркви, градини, базилики, храмови, вили, плоштади, театри и други места воопшто.

Рим е еден од најважните туристички дестинации во светот. Сето тоа се должи на непроценливо бескрајно големо археолошко и уметничко богатство како и за шармот на својата единствена традиција, убавината на панорамските погледи и на големина на величествените вили и паркови. Меѓу повеќето значајни ресурси се и музеите. Рим е исто важен за музиката и има интезивна музичка сцена вклучувајќи и неколку престижни музички театри истовремено е еден од најголемите археолошки центри и еден од главните центри во светот на археолошките истражувања. Рим е уникатен, бидејќи во неговите рамки постои независна држава, Ватикан.

**Ватикан** е енклава на Рим и во неа се наоѓа Светата Столица, којашто претставува врховна влада на Римокатоличка црква.

**Кривата кула во Пиза** (италијански: *Torre pendente di Pisa*), или едноставно Кулата во Пиза е канбанарија или самостојна кула со ѕвона на катедралата на италијанскиот град Пиза. Изградена е на Плоштадот на катедралата (*Piazza del Duomo*), во склоп на комплексот кој вклучува и катедрала, крстилница и гробишта. Иако било планирано да стои вертикално, поради лошите темели и слабата почва, кулата се накривила до размери што морала да биде санирана за да не падне. Со својата светски прочуена накривеност, кулата привлекува стотици илјади туристи годишно.

**Постојна -** Постојанска Јама се наоѓа во југозападниот дел на Република Словенија, во самата близина на градот Постојана. Пештерата има поволна географско-сообраќајна положба, бидејќи е лоцирана во непосредна близина на железничката пруга и автопат Е61 кој води од Љубљана кон Копер. Пештерата Постојна претставува

сложен пештерски систем формиран од четири пештери, Постојанска Јама, Пифка Јама, Црна Јама и Магдаленска Јама.

Животинскиот свет во пештерата е претставен со повеќе ендемски видови, меѓу кои најпозната и најголема е „Човечката рипка“. Човечката рипка претставува еден вид на пештерски дождовник (саламандер), кој живее во темни средини со температура на воздухот од околу 10°C, повеќе е позната под името човечка рипка, бидејќи има боја на кожа слична со кожата на човекот. Човечката рипка нема развиено вид, но затоа пак има добро развиен слух и мирис. Може да порасне во должина до 30cm, а додека нејзиниот животен век трае до 70 години. Туризамот во Постојнска Јама започнал да се развива уште пред два века, а оттогаш па до денес, пештерата ја посетиле повеќе од 36 милиони туристи.

* * *

При посета на сите овие локалитети, учениците со предавања од страна на лиценцирани туристички водичи ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики на овие земји што пак ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење. Хуманизмот, ренесансата, рококото и барокот, можат да се согледаат преку сите градби и зданија во овие величествени градови. Исто така, ќе можат да го видат дејствувањето на атмосферската вода во варовничките предели како Постојна и создавањето на величенствени дела во природата, како пештерите, јамите итн. а ќе имаат можност да се воодушевуваат и на пештерскиот накит.

Преку реализацијата на оваа завршна екскурзија со општ воспитно-образовен карактер, учениците ќе ги прошират своите сознанија од повеќе наставни предмети (македонски јазик и литература, историја, географија, биологија, социологија, ликовна уметност, музичка уметност итн.). На тој начин, теоретските сознанија со кои располагаат ќе ги дополнат со практични и искуствени сознанија кои ќе им бидат корисни во понатамошното школување и живот.

**Напомена:** Бидејќи се работи за подолга релација, во зависност од динамиката на патувањето, агендата може да претрпи мали измени.

**Техничка организација**: Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, Училишната комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, ќе ги преземе сите потребни постапки за реализација на истата (патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди).

**Начин на финансирање**: Родителите на учениците целосно ги покриваат трошоците за екскурзијата. Се планира вклучување на социјално загрозени ученици за бесплатно учествување на екскурзијата.

**Програмата за трета година ја изготвија**:
Наташа Матакова, класен раководител на III-1 клас
Анастазија Костова, класен раководител на III-2 клас
Благородна Лазова, класен раководител на III-3 клас
Катица Манева, класен раководител на III-4 клас
Даница Пецова, класен раководител на III-5 клас
Жанета Делова, класен раководител на III-6 клас
Костадин Прокопов, класен раководител на III-7 клас

СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци

**Стручен Тим за подготовка на Програми за екскурзии:**

1. м-р Зоран Милевски, Директор ______________________

2. Горан Пановски, Раководител на екскурзија за Прва година, наставник по историја,

3. Гордана Еленова, Раководител на екскурзија за Втора година, наставник по македонски јазик и литература,

4. Даница Пецова, Раководител на екскурзија за Трета година, наставник по хемија

5. Раководители на паралелките за Прва година:
I-1 клас Блашко Клинчаров
I-2 клас Александра Петреска
I-3 клас Соња Попова
I-4 клас Драган Вељковиќ
I-5 клас Кочо Кочов
I-6 клас Горан Пановски
I-7 клас Татјана Ралевска

6. Раководители на паралелките за Втора година:
II-1 клас Елизабета Бошкова
II-2 клас Валентина Димитрова
II-3 клас Ленча Анѓушева-Чаушева
II-4 клас Гордана Еленова
II-5 клас Богде Коцева
II-6 клас Лоска Давчева
II-7 клас Блаже Велков

7. Раководители на паралелките за Трета година:
III-1 клас Наташа Матакова
III-2 клас Анастазија Костова
III-3 клас Благородна Лазова
III-4 клас Катица Манева
III-5 клас Даница Пецова
III-6 клас Жанета Делова
III-7 клас Костадин Прокопов

8. Душанка Иванова, стручен соработник – психолог

9. Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог